РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4697/4
17.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од седумнаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 5.11.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори седумнаесеттата седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 16. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.11.2025 година.
2. Извештај за емитуваното платено политичко рекламирање за време на првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот „Неотел“ од Скопје, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 16. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.11.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот Трајчевски го образложи Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година. Тој објасни дека Извештајот се однесува на периодот од 29 септември до 17 октомври 2025 година и е подготвен врз основа на обврската утврдена во член 76-д став 8 од Изборниот законик. Согласно оваа законска одредба, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк да достави до Државната изборна комисија (ДИК) извештај за емитуваното платено политичко рекламирање на радиодифузерите. Изработката на Извештајот се спроведува според строго утврдени процедури, при што се проверуваат сите неопходни податоци за емитуваните содржини. По завршената проверка, на радијата и телевизиите им се издаваат потврди за емитуваното платено политичко рекламирање, со што се обезбедува транспарентност и усогласеност со законските обврски. Согласно законските одредби, радиодифузерите кои се пријавиле за емитување платено политичко рекламирање се должни да се регистрираат во Државната изборна комисија (ДИК), со цел да стекнат право на емитување таков тип содржини. За овие избори, во ДИК се регистрираа вкупно 33 телевизии и 42 радија. За да се олесни примената на Изборниот законик, односно за да се утврди колку време може да се оддели за платено политичко рекламирање по политички субјект во рамките на еден реален час, АВМУ донесе Упатство за платено политичко рекламирање за изборите 2025 година. Според Извештајот, од вкупно 75 регистрирани радиодифузери, во првиот круг од изборната кампања 68 медиуми емитувале платено политичко рекламирање, односно 33 телевизии и 35 радија. Вкупно, на сите радиодифузери, радија и телевизии заедно биле емитувани 562 часа 37 минути и 53 секунди платено политичко рекламирање, што претставува значителен, фрапантен обем на политичко рекламирање за време на изборната кампања. Од деветте национални телевизии кои склучија договори за емитување платено политичко рекламирање, најголем обем на реклами емитуваа телевизиите „Канал 5“, „Алсат М“ и „ТВ Компани 21-М“. Кај националните радија, најмногу платено политичко рекламирање емитуваа „Антена 5“ и „Канал 77“. Во Извештајот се опфатени и локалните и регионалните телевизии и радија кои емитувале платено политичко рекламирање за време на изборната кампања. Според податоците, на телевизиите најмногу време за рекламирање закупиле коалициите предводени од партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, додека кај радијата најголем обем на платено политичко рекламирање имале коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата предводена од СДСМ. Согласно Упатството за платено политичко рекламирање, изработено во согласност со Изборниот законик, најголем обем платено политичко рекламирање имаат двете најголеми партии од власта и двете најголеми партии од опозицијата. Во рамките на дозволеното време за платено политичко рекламирање, во периодот од една минута по еден реален час беа опфатени три политички партии кои имаат пратеник во Собранието, но немаат формирано пратеничка група. Дополнително, во времетраење од 30 секунди по еден реален час беа вклучени независните кандидати за градоначалници, поднесените листи на советници, како и кандидатите на политички партии кои не се застапени во парламентот. Во Извештајот се посочува дека две политички партии Левица и Движење ЗНАМ - За наша Македонија, не остварија можност за емитување платено политичко рекламирање поради правни неусогласености и пропусти кои постојат во Изборниот законик. Рокот за доставување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање, кој

денеска е предмет на разгледување од страна на Советот, истекува утре, кога истиот треба да биде доставен до ДИК. Со тоа ќе се овозможи почеток на постапката за исплата на средствата кон радиодифузерите за емитуваното платено политичко рекламирање.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски се осврна на излагањето на директорот д-р Зоран Трајчевски во врска со, како што ја нарече, „фрапантната бројка на часови на емитувано платено политичко рекламирање (ППР)", и побара појаснување дали станува збор за зголемување во однос на претходните изборни процеси.

Директорот Трајчевски појасни дека вкупното време на емитувано платено политичко рекламирање не е поголемо од претходните избори, но дека и понатаму се работи за исклучително голем број часови, карактеристичен за сите изборни процеси. Тој нагласи дека овој обем на рекламирање резултира со значителни финансиски средства кои се издвојуваат од државниот буџет, посочувајќи дека за оваа изборна година износот надминува седум милиони евра.

Советничката Цветанка Миновска се надоврза на прашањето на претседателот и побара од директорот да достави податоци за вкупниот број часови на емитувано платено политичко рекламирање во рамките на претходните парламентарни или локални избори, со цел да се направи споредбена анализа.

Директорот Трајчевски информираше дека Агенцијата располага со сите релевантни податоци, кои се содржани во извештаите за ППР од претходните изборни процеси и дека истите се јавно достапни на веб-страницата на Агенцијата. Тој најави дека по завршување на седницата, извештаите ќе бидат доставени по електронска пошта до сите членови на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, во периодот од 29 септември до 17 октомври 2025 година, бр.10-4727/1 од 4.11.2025 година, со текст како што беше предложен.

По спроведеното гласање, претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски истакна дека Стручната служба на Агенцијата треба Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година да го достави до ДИК и да го објави на официјалната веб-страница на АВМУ.

**Точка 3**

Директорот д-р Зоран Трајчевски го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот „Неотел“ од Скопје, поради прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Во образложението, директорот посочи дека при спроведен мониторинг било утврдено дека операторот реемитува два програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите издадени од страна на Агенцијата. Со оглед на тоа што се работи за прв ваков прекршок во тековната година, се предлага да се изрече мерка јавна опомена и на операторот да му се наложи веднаш да престане со реемитувањето на програмските сервиси кои не се во согласност со издадените потврди. По истекот на утврдениот рок, надлежниот сектор ќе спроведе

контролен надзор со цел да се утврди дали операторот го усогласил своето работење со член 141 од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршениот редовен програмски надзор бр.11-4694/1 од 3.11.2025 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Друштвото за телекомуникации и услуги „Неотел“ АД увоз-извоз Скопје поради прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ. Во согласност со точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.1-4241/1 од 1.10.2025 година, му наложи веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со законските одредби.

Со надзорот беше утврдено дека Друштвото за телекомуникации и услуги „Неотел“ АД увоз-извоз Скопје, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република С Македонија, на 31.10.2025 година, за своите корисници ги реемитувало програмските сервиси „Компани 21-М“ и „Да Винчи“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на Друштвото за телекомуникации и услуги „Неотел“ АД увоз-извоз Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

По спроведеното гласање, претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја посочи обврската на стручните служби – Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси да го достават до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија. Дополнително, по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, службите се задолжуваат да извршат контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил согласно изречената мерка и го усогласил своето работење со законските одредби.

**Точка 4**

**Разно**

Советничката Гордана Мајнова информира дека е објавен Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година, подготвен од Европската комисија, и постави прашање дали е пракса Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да одговара по наводите содржани во Извештајот. Таа посочи дека во документот се нотирани одредени констатации кои, според неа, не се во целосна согласност со реалната состојба и праша дали Агенцијата доставува официјален одговор или објаснување на тие делови. Советничката се осврна конкретно на делот кој се однесува на слободата на изразување („Freedom of expression“) и на страница 38 од Извештајот, каде што стои:

*„In June 2025, the Parliament selected the new members of the Agency's Council. Concerns were raised about the way the members of the Agency's Council were selected due to a lack of transparency, clear criteria and impartiality.“*

Советничката Мајнова побара појаснување дали Агенцијата реагира на вакви наводи – пасус по пасус – или воопштено, и предложи доколку се дава одговор, во него да се наведе дека членовите на Советот се избрани транспарентно, според јасно утврдени критериуми и во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се даде прецизно и аргументирано дообјаснување. Таа се извини што документот моментално го има само на англиски јазик.

Директорот д-р Зоран Трајчевски појасни дека Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година, изготвен од Европската комисија, претставува финален документ на Европската Унија кој, без разлика дали Агенцијата има или нема забелешки, не подлежи на измени по неговата објава. Тој истакна дека, во случаи кога Агенцијата има спротивни ставови или забелешки во однос на содржината на Извештајот, најсоодветен пристап е да се одржи состанок со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, на кој би се презентирале аргументи и појаснувања во однос на забелешките.

Советничката Гордана Мајнова се надоврза изразувајќи иницијатива да се организира состанок со Делегацијата на ЕУ, особено во делот каде што се наведува дека Република Северна Македонија не е во целосна согласност со европските директиви и Европскиот акт за слободата на медиумите, со акцент на прашањето за медиумската концентрација и нејзиното влијание врз медиумскиот плурализам. Таа додаде дека не се работи само за еден пасус, туку за повеќе констатации во Извештајот на кои би требало да се даде реакција или дополнително објаснување од страна на Агенцијата.

Директорот Трајчевски се согласи и информира дека во текот на наредните денови ќе биде организиран состанокот со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, со цел да се разгледаат и појаснат сите релевантни делови од Извештајот.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање до директорот д-р Зоран Трајчевски во контекст на 14. седница, во врска со покренатата прекршочна постапка против „ТВ Компани 21-М“. Таа објасни дека до Советот пристигнале два мејла од „ТВ Компани 21-М“, и побара информации за текот и исходот на прекршочната постапка. Советничката нагласи дека повратно од Агенцијата немаат добиено никаков одговор, па побара да се појасни дали и кога ќе се достават официјални информации до „ТВ Компани 21-М“ и до членовите на Советот.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека по пристигнувањето на одлуките на судот во однос на прекршочните постапки, заедно со претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски, заменичката на претседателот м-р Зирјета Јајага и советничката Цветанка Миновска разговарале за состојбата. Тој информира дека за два радиодифузери – телевизијата „ТВ Компани 21-М“ и телевизијата „Шутел“, беше изречена мерка јавна опомена, додека два други радиодифузери – „ТВ-24“ и телевизијата „Вистел“, биле ослободени од прекршокот. Во однос на „ТВ-24“ и „Вистел“, директорот посочи дека Агенцијата поднела жалба бидејќи рокот за тоа е 24 часа од приемот на решението. За „ТВ Компани 21-М“ и „ТВ Шутел“, судот ги прифатил

мерките изречени од страна на Агенцијата бидејќи постапила согласно Законот, но за да не им се нанесе материјална штета, поради тоа што казните за овие два радиодифузери се значително високи, судот им доставил опомена со цел заштита на материјалниот интерес на субјектите и Агенцијата ја прифати одлуката на судот.

Заменичката на претседателот м-р Зирјета Јајага информира дека усно била запознаена со текот на постапките, но побара да ѝ биде доставена писмена информација за нивната актуелна состојба. Таа предложи членовите на Советот да бидат вклучени во електронската комуникација меѓу службите и операторите, со цел редовно да се информираат за текот на постапките.

Советничката Афрона Врзиволи се надоврза и истакна дека членовите на Советот често немаат повратни информации за одлуките што ги носат на седница, без разлика дали се однесуваат на јавна опомена или покренување прекршочна постапка. Таа посочи дека медиумите понекогаш бараат разбирање, наведувајќи дека станува збор за пропуст или финансиски потешкотии, но Советот нема информации за начинот на кој Агенцијата одговорила на таквите случаи. Советничката предложи членовите на Советот да бидат редовно информирани за текот на постапките и донесените одлуки, односно да бидат вклучени во електронската комуникација меѓу службите и операторите, да им се проследуваат соодветните електронски пораки или да се воспостави соодветен механизам за писмена размена на информации. Целта на ваквиот предлог е обезбедување поголема транспарентност и навремена информираност на членовите на Советот во процесот на надзор и одлучување.

Директорот д-р Зоран Трајчевски рече дека не му било сосема јасно поставеното барање, бидејќи дискусијата почнала со прашање во врска со телевизија, а потоа се префрлило на донесената одлука за операторот „Неотел“.

Советничката Афрона Врзиволи појасни дека барањето за обезбедување подетални информации не се однесува на конкретен медиум или оператор, туку на сите радиодифузери и оператори. Таа истакна дека секое барање или одговор, како и секоја мерка изречена од Советот, заедно со сите дописи што стручната служба ги упатува до операторите, треба редовно и писмено да се доставуваат до членовите на Советот, преку електронска пошта, со цел обезбедување целосна транспарентност и навремена информираност за сите донесени одлуки и преземени постапки.

Директорот д-р Зоран Трајчевски појасни дека мерките изречени кон операторите, како што е „Неотел“ на тековната седница или „Вива Нет“ на претходната, се применуваат на идентичен начин за сите оператори. Тој нагласи дека до операторите се доставува писмено решението за изречената мерка јавна опомена од страна на Советот, а истото решение, заедно со извештајот од надзор, се објавува на веб-страницата на Агенцијата. По истекот на рокот утврден во *Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата*, кој варира во зависност од видот на прекршокот, се спроведува контролен надзор. За резултатите од контролниот надзор Советот се информира преку електронска пошта, а извештајот се објавува на веб-страницата на Агенцијата. Во пораката што се испраќа до операторот се наведува дали тој постапил или не постапил по изречената мерка. Доколку операторот не постапи во предвидениот рок, на наредната седница на Советот се вклучува точка во дневниот ред за покренување прекршочна постапка, со што Советот е целосно информиран за понатамошниот тек на постапката.

Директорот Трајчевски посочи дека за радиодифузерите за време на изборен процес судот е должен да одлучува по пристигнатата прекршочна пријава во рок од 48 часа. Во конкретниот случај, судот донел одлуки за четири радиодифузери: за два од нив изречени се мерки, додека другите два биле ослободени од одговорност. Одлуките стигнале до Агенцијата во 11:40 часот, а службата имала 24 часа да одговори до судот. За телевизиите ослободени од одговорност, Агенцијата поднела жалба до Апелациониот суд. Трајчевски истакна дека, бидејќи во моментот нема нови прекршочни пријави, Советот ќе биде известен за сите постапки по пристигнати пресуди, како и за потребата од поднесување жалби, доколку тоа е применливо. Тој додаде дека, за редовните прекршочни постапки, судот понекогаш одлучува дури по една или две години, во случај на избори, роковите се значително пократки (24 и 48 часа). Советот ќе продолжи да биде целосно информиран за текот на сите постапки, донесени пресуди и поднесени жалби, согласно роковите и видот на постапката.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**